Општина Кочани
Ул.„Раде Кратовче“ бр.1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Tel. +389(0)33/274-001 • Faks . +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 08-1540/3
02.09.2026 год.

Врз основа на чл. 50, ст. 1, т. 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и Одлуката за распишување оглас за организирање на музичкиот дел од манифестацијата „Денови на оризот 2026“ по пат на јавно наддавање бр. од 02.09.2026 година, Комисијата за организирање на „Денови на оризот 2026“ по пат на јавно наддавање распишува:

## О Г Л А С

### за организирање музичкиот дел од манифестацијата „Денови на оризот 2026“ по пат на јавно наддавање

**Член 1**

1. Манифестацијата „Денови на оризот 2026“ да се одржи во на 2,3 и 4 октомври 2026 година.
2. Музичкиот дел од манифестацијата „Денови на оризот 2026“ предвидува организирање на :
   - концерт на Влатко Стефановски и Антонија Гиговска на 02.10.2026 година во Паркот на револуцијата,
   - настап на ДЈ Боно со пропратни забавни и едукативни работилници на 03.10.2026 година во Паркот на револуцијата,
   - фолклорен концерт на сите домашни и странски фолклорни друштва од Кочани и нивните гости на 04.10.2026 година во село Горни Подлог
3. Почетната цена за јавното наддавање да изнесува 480 000,00 денари, со праг на намалување од минимум 5 000,00 ден.
4. Јавното наддавање да се спроведе на 17.09.2026год., во 12:00 ч., во просториите на Општина Кочани, ул. „Раде Кратовче“ бр. 1, Кочани.
5. Право на учество на јавното наддавање да имаат сите правни субјекти регистрирани во Централен регистар, кои до почетокот на самата лицитација ќе уплатат 10 % од почетната цена за лицитација.
6 .Како доказ да се достават Тековна состојба не постара од 6 (шест) месеци и доказ за активна трансакциска сметка.
7. Уплатата да се врши на жиро-сметката: 736014044463010 – Буџет на Општина Кочани, приходна шифра 725 939, 100000000 63095 НБРМ.
8. На јавното наддавање потребно е да учествуваат минимум двајца учесници – правни лица.
9. Во случај да не успее јавното наддавање, веднаш да се објави нов оглас за јавно наддавање, на кое доколку се јави и еден учесник, да биде реализирано.
10. Општина Кочани ќе склучи Договор со најповолниот понудувач, во кој подетално ќе бидат дефинирани правата и обврските на двете договорни страни.

Општина Кочани
Ул.„Раде Кратовче“ бр.1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Tel. +389(0)33/274-001 • Faks . +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

11. Општина Кочани да има обврска да ја исчисти и подготви локацијата за непречено организирање на настаните, украсување на просторот, да обезбеди струја, санитарни јазли кои ќе ги одржува и за време на настаните.
12. Обврска на закупецот е да се придржува на точките 1 и 2 од оваа одлука како и договорот кој ќе биде дополнително дефиниран помеѓу закупецот и Општина Кочани.
13. Закупецот има обврска да изготви документи согласно Законот за комунални такси и Законот за административни такси.

Претседател на Комисијата
Голубинка Георгиева